РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација



# Акти кои ја уредуваат материјата за проценка на влијанието на регулативата

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Министерство за информатичко
општество и администрација

# Акти кои ја уредуваат материјата за проценка на влијанието на регулативата

Септември 2013

**Наслов на публикацијата**
Акти кои ја уредуваат материјата за проценка на влијанието на регулативата

**Издавач**
Министерство за информатичко општество и администрација

**Уредник**
Гордана Гапиќ Димитровска

**Тираж**
150

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

**340.12:35.077.6(497.7)**

АКТИ кои ја уредуваат материјата за проценка на влијанието на регулативата / [уредник Гордана Гапиќ Димитровска]. - Скопје : Министерство за информатичко општество и администрација, 2013. - 47 стр. ; 24 см

Содржи и прилог: Извештај за проценка на влијанието на регулативата

**ISBN 978-608-65602-0-1**

а) Законодавство - Фактори - Акти за проценка на влијанието на регулативата - Македонија
COBISS.MK-ID 94750218

British Embassy
Skopje

Оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британската Амбасада во рамките на проектот,, Унапреден регулаторен процес во Македонија" преку Центарот за управување со промени. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Британската амбасада. The British Embassy in Skopje supported the publication of this handout. Hoewer, the content of this publication does not necessarily reflect the opinions of the British Embassy

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Врз основа на член 20 став 5 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11 и 67/13), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23.07.2013 донесе

## 1. ВОВЕД

Методологијата на проценка на влијанието на регулативата (во натамошниот текст: ПВР) е целосно усогласена со постојниот систем за стратешко планирање во министерствата и постапките за координација на политиките и донесување на одлуките во Владата на Република Македонија и претставува надградба на постојните практики воведени во 2009 година, кои воедно се усогласени со позитивните искуства од праксата во Европската унија и нејзините земји - членки, како и земјите - членки на ОЕЦД.

Стратешки приоритет на Владата на Република Македонија е зголемување на економскиот раст и зголемување на вработеноста кој се реализира преку програмите за спроведување на економските реформи за подобрување на бизнис климата и зајакнување на конкурентноста на македонската економија на домашниот и светските пазари. За таа цел, Владата на Република Македонија спроведува низа мерки насочени кон намалување на административните оптоварувања и поедноставување на постапките, како и подобрување на квалитетот на регулативата. Овие мерки се особено насочени кон малите и средните претпријатија бидејќи тие

претставуваат носители на економскиот развој во Република Македонија. Мерките насочени кон намалување на административните оптоварувања преку подобрување на квалитетот на регулативата ќе придонесат за подобрување на нивната конкурентност. Процесот на ПВР директно придонесува кон остварување на целите на овие политики и мерки.

Определбата на Владата на Република Македонија за унапредување на квалитетот на регулативата е потврдена во Стратегијата за реформа на јавната администрација и Акцискиот план во кој се дефинирани мерки и активности за унапредување на квалитетот на регулативата преку процесот на ПВР. Преку овој процес министерствата и Владата на Република Македонија обезбедуваат почитување на основните начела за добро владеење, и тоа:

- → *Транспарентност и отвореност* – преку информирање и вклучување на засегнатите страни во целокупниот процес – од конципирање, регулирање па се до спроведување на политиките и законите;
- → *Ефективност и ефикасност* – постигнување на саканите цели преку темелна анализа и проценка на влијанијата од можните начини за решавање на проблемите (прашањата) и изнаоѓање на решение кое ќе ги постигне целите со најмали трошоци за буџетот, деловните субјекти и граѓаните;
- → *Усогласеност* – обезбедување на усогласена рамка на прописите во соодветната област и сродните области, како и усогласеност со законодавството на Европската Унија
- → *Отчетност* – транспарентноста и оценувањето на ефективноста во спроведувањето и постигнувањето на целите на политиките и законите придонесуваат за с*евкупно* зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Македонија.

Процесот на ПВР е особено важен во контекст на приоритетот на Република Македонија за членство во Европската Унија и НАТО. Во претпристапниот период, процесот за усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската Унија и земјите - членки на НАТО подразбира спроведување на анализа на правните акти на Европската Унија и нивно соодветно транспонирање во националното законодавство. ПВР се користи како алатка за утврдување на влијанијата кои ќе бидат предизвикани со спроведување на транспонираниот правен акт. Со отпочнување на процесот на преговорите за пристапување на Република Македонија во Европската Унија, процесот на ПВР ќе добие уште поголемо значење бидејќи преку него на структуриран начин можат да се утврдат краткорочните и долгорочните влијанија на правните акти на Европската Унија врз националниот правен систем и врз прифаќањето на обврските кои произлегуваат од нив. На тој начин ќе можат да се градат националните позиции во процесот на преговори и да се утврдат и намалат евентуалните негативни влијанија за Република Македонија.

## 1.1. Цел на Методологијата за проценка на влијанието на регулативата

Целта на оваа методологија е да ги дефинира:

- процесот на спроведување на ПВР и очекуваните резултати од процесот на ПВР;
- процесот на вклучување на засегнатите страни;
- организацијата и управувањето на процесот на ПВР и
- улогата и задачите на секој од учесниците во процесот.

Примената на оваа методологија е поддржана од информатичкиот систем и тоа преку *е*-седница на Владата на Република Македонија и преку Единствениот национален електронски регистар на прописи (во натамошниот текст: ЕНЕР).

## 1.2. Опсег на Методологијата

Согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, ПВР се спроведува за предлог на законите кои се доставуваат до Владата на Република Македонија за разгледување и утврдување, со исклучок на законите чие усвојување се предлага по итна постапка, законите за ратификација на меѓународни договори, законите со кои се врши терминолошко усогласување со други закони, предлог Буџетот на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

# 2. Процес на спроведување на проценка на влијанието на регулативата

Основна цел на процесот на ПВР е да се обезбеди да се добијат релевантни и точни информации за позитивните и негативните влијанија од можните начини за решавање на проблемот, како и за предложениот начин за постигнување на целта заради која се предлага предлогот на закон. Квалитетното спроведување на процесот на ПВР придонесува кон ефективно и ефикасно спроведување на законот, а со тоа и остварување на политиките на Владата на Република Македонија.

Преку регулативата се гарантираат основните начела на демократското општество, почитување на основните слободи и права, а воедно се спроведуваат и реформи во општеството. Сепак, регулативата не е секогаш единствениот начин да се постигнат саканите цели. Во одредени случаи постојат и други мерки за постигнување на целта, како на пример информативни кампањи и обука, само-регулација во одредени области и други мерки, познати како нерегулаторни мерки. Процесот на ПВР овозможува реално согледување на потребата од регулаторно или нерегулаторно решавање на проблемот.

Процесот на ПВР обезбедува вклучување на засегнатите страни кои со релевантни информации можат значително да придонесат кон унапредување на квалитетот на регулативата. Со учеството на засегнатите страни се обезбедуваат можности за подобро спроведување и почитување на регулативата, додека пак објавувањето на резултатите од ПВР придонесува кон транспарентност на регулаторниот процес и работата на Владата на Република Македонија.

ПВР претставува составен дел од процесот на планирање, подготвување, следење и евалуација на политиките и регулативата во министерствата. Процесот на ПВР отпочнува уште во фазата на стратешко планирање и се спроведува пред подготвување на нацрт текстот на регулативата. Подолу е прикажан шематски приказ на процесот на ПВР.

## Шема 1. Преглед на чекорите во процесот на ПВР

Процес за спроведување на ПВР



## 2.1 Планирање на процесот за спроведување на проценка на влијанието на регулативата

Процесот на планирање се врши во рамки на процесот за стратешко планирање кој се спроведува во министерствата. Согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, министерствата ги планираат своите програми имајќи ги предвид стратешките приоритети на Владата, анализата на состојбите во областите за кои се надлежни, анализата на остварените резултати, обврските од стратешките документи (Национален развоен план, Спогодба за стабилизација и асоцијација, Партнерство за пристапување, Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија и други документи), како и целите и приоритетите на министерството.

Врз основа на овие анализи министерствата ги утврдуваат можните решенија за проблемите или состојбите кои биле констатирани во текот на анализата на состојбите во областите за кои се надлежни. Во оваа фаза, министерствата ги разгледуваат начините за спроведување на можните решенија и носат одлука дали е потребно донесување на нова или изменување на постојната регулатива.

Доколку во областа веќе постои закон или друг пропис, а постојните решенија не ги даваат саканите резултати, министерствата ги разгледуваат можностите за воведување на нерегулаторни мерки, наместо менување на регулативата или усвојување на нова регулатива.

Доколку се утврди дека најсоодветна опција за решавање на проблемот е донесување на нова регулатива или изменување на постојна регулатива, тогаш таквата иницијатива се вградува во предлогот за Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија. За секоја предложена иницијатива, министерствата планираат соодветни финансиски средства и човечки ресурси неопходни за спроведување на регулативата.

При дефинирањето на иницијативите министерствата начелно утврдуваат каков ќе биде степенот на можни влијанија од предложената регулатива, кои засегнати страни ќе бидат вклучени, какви податоци ќе бидат неопходни за да се направат потребните анализи, како и ресурсите кои ќе бидат потребни за спроведување на процесот на ПВР.

Планирањето на спроведувањето на ПВР се врши врз основа на начелото за пропорционалност, односно колку е поголемо очекуваното влијание на предложената регулатива, толку е подетална и поопсежна ПВР која треба да се спроведе за соодветната предлог - регулатива.

Врз основа на горенаведените активности министерствата подготвуваат Годишен план за спроведување на ПВР кој се подготвува паралелно со подготвување на иницијативите за нацрт Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија. Во Годишниот план за спроведување на ПВР се дава преглед на потребните активности и динамиката за спроведување на ПВР и подготвување на предлогот на закон, прегледот на засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот и се обезбедува навремена информација за засегнатите страни за нивно благовремено вклучување во процесот. Годишниот план за спроведување на ПВР содржи информации за:

- назив на предлогот на закон;
- краток опис на проблемот;
- цел на предлогот на закон;
- месец на поднесување на предлогот на закон до Владата на Република Македонија (согласно Годишната програма за работа на Владата);
- временска рамка за спроведување на ПВР и подготвување на предлогот на закон;
- потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР;
- засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот;
- начин на вклучување на засегнатите страни и
- временска рамка за спроведување на консултациите.

Министерството го објавува *Годишниот план за спроведување на ПВР* на ЕНЕР најдоцна 15 дена по усвојувањето на Годишната програма за работа на Владата.

Министерствата го следат *Годишниот план за спроведување на ПВР* и го ажурираат во зависност од ажурирањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија. Ажурираните верзии на *Годишниот план за спроведување на ПВР* се објавуваат на ЕНЕР најдоцна 15 дена по усвојувањето на ажурираната верзија на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

## 2.2. Спроведување на проценка на влијанието на регулативата

За да обезбеди навремено спроведување на процесот на ПВР за секој од предлозите на закони содржани во *Годишниот план за спроведување на ПВР*, министерствата треба да изработат план и динамика на активности.

Заради навремено информирање на засегнатите страни, министерствата најдоцна пет дена пред почетокот на процесот на ПВР објавуваат известување за почетокот на процесот и подготовка на предлогот на закон. Известувањето се објавува на веб страницата на министерството и на ЕНЕР со следниве информации:

- назив на министерството;
- назив на предлогот на закон;
- краток опис на проблемот;
- цел на предлогот на закон;
- временската рамка за изготвување на предлогот на закон;
- начинот на вклучување на засегнатите страни;
- најава за јавен увид и јавна расправа;
- електронски адреси од ЕНЕР и веб-страницата на министерството од кои засегнатите страни можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР;
- поштенска и/или електронска адреса на која засегнатите страни можат да доставуваат мислења, забелешки и сугестии;
- одговорно лице за контакт во министерството и
- други информации што можат да помогнат за ефективно учество на засегнатите страни во процесот на подготвување на предлогот на закон.

Од страна на министерствата се спроведуваат следниве чекори во текот на процесот на ПВР:

### 2.2.1 Анализа на состојбите, дефинирање на проблем и утврдување на цели

Врз основа на сознанијата од анализата на состојбите во текот на процесот на стратешко планирање, министерствата вршат детална анализа на состојбите за да се образложи суштината, природата и опсегот на проблемот. Преку оваа анализа се утврдуваат причините кои придонесуваат за постоење на проблемот, постојните прописи кои влијаат на проблемот и поврзаност со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Анализата се врши врз основа на прибрани податоци или извештаи на министерството и други органи на државната управа, податоци од локалната самоуправа, статистички податоци и преку контакти и консултации со засегнатите страни со цел да се утврдат докази за постоење на проблемот.

Врз основа на резултатите од анализата се дефинираат целите односно ефектите кои треба да се постигнат преку спроведување на предлогот на закон. Целите треба да бидат реално остварливи и поврзани со политиките и приоритетите на Владата, а се дефинираат што е можно поконкретно

и во мерливи вредности. Дефинираните цели претставуваат основа за понатамошните анализи при утврдување на можните решенија и мерките за нивно постигнување.

### 2.2.2.Утврдување на можните решенија (опции)

Откако ќе се утврдат целите и ефектите кои предлогот на закон треба да ги постигне, од страна на министерствата се утврдуваат можните решенија (опции), односно инструменти преку кои можат да се постигнат целите. При дефинирањето на можните решенија, се разгледуваат и можностите за воведување на дополнителни, односно нерегулаторни мерки (инструменти) кои ќе придонесат за поефикасно спроведување на предлогот на закон и за соодветно остварување на дефинираните цели.

Министерствата треба да дефинираат најмалку три можни решенија (опции) од кои една е опцијата „не прави ништо“. Кога со предлог регулативата треба да се решат посериозни проблеми, кога се воведуваат покрупни промени во одредена област или пак промените ќе зафатат неколку области тогаш треба да се разгледаат повеќе можни решенија (опции) преку комбинирање на регулаторни и нерегулаторни мерки (инструменти).

Како појдовна точка во утврдувањето на можните решенија (опциите) се зема опцијата “не прави ништо“. Анализата на оваа опција има за цел да покаже како постојната ситуација би се развивала доколку Владата на Република Македонија не усвои соодветна регулатива или не воведе други мерки. Оваа опција обезбедува основа за споредба со другите можни решенија (опции).

Во случај кога анализирањето на опцијата “не прави ништо“, ќе доведе до заклучок дека одреден претходно дефиниран проблем може да се реши со доследно спроведување на постојните прописи или пак преку воведување на нерегулаторни мерки, министерството подготвува Информација со која ја повлекува соодветната иницијатива од Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија со образложение за причините за тоа и предлага други мерки за постигнување на целите.

### 2.2.3. Анализа на трошоците, влијанијата и придобивките од утврдените можни решенија (опции) и нивна споредба

При анализирањето на утврдените можни решенија (опции), се користат разни методи и аналитички алатки, како на пример анализа на трошоците и придобивките, анализа на трошоци и ефикасност, мулти – критериумска анализа, анализа на ризици, моделот на стандардни трошоци и други

соодветни анализи. Утврдените можни решенија треба да се анализираат со користење на истите методи и аналитички алатки за да може потоа да се споредат.
Целта на анализите е да се добие јасна претстава за трошоците, позитивните и негативните влијанија и придобивките кои би произлегле од секое од можните решенија за да може да се утврди која од опциите ќе доведе до планираните цели со минимални трошоци (за буџетот, деловните субјекти и граѓаните) и несакани ефекти.

Секое од утврдените можни решенија можат да предизвикаат различен вид и степен на трошоци и влијанија кои се утврдуваат што е можно попрецизно. При анализата треба да се утврдат:

- трошоците/добивката за буџетот;
- трошоците за деловните субјекти, особено за малите и средните претпријатија, други групи и граѓаните (во зависност од тоа на кого се однесува предлогот на закон);
- влијанијата врз економијата, социјалните влијанија, влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето, како и други видови влијанија во зависност од областа;
- трошоците и ресурсите потребни за спроведување, следење и контрола, како и евалуација на секое од можните решенија;
- прифаќањето/отпорот кој може да се јави при спроведувањето и
- негативните или несаканите ефекти и влијанија.

Врз основа на споредба помеѓу утврдените можни решенија (опции), од страна на министерството се предлага решението кое најефективно ќе придонесе кон остварување на утврдените цели на предлогот на закон и ќе се постигнат придобивките со најмалку трошоци и несакани ефекти. Врз основа на предложеното решение се подготвува текстот на предлогот на закон.

### 2.2.4. Планирање на начинот на спроведување, следење и евалуација

По извршената анализа на можните решенија (опции), извршените консултации со засегнатите страни согласно точка 4 од оваа методологија и подготвување на предлогот на закон, министерствата начелно ги анализираат сите аспекти што се однесуваат на спроведување на предложеното можно решение.

Целта е да се даде општ преглед на механизмите и активностите за спроведување, следење и евалуација на препорачаното решение (опција) и предлогот на закон, при што начелно се утврдуваат:

- тезите на подзаконските акти кои треба да се усвојат (доколку е потребно) за да се спроведе предлогот на закон;
- потребните буџетски средства за спроведување на законот (обезбедување на дополнителни човечки ресурси, опрема, простории и друго, доколку е потребно);
- органите на државната управа кои ќе бидат надлежни или вклучени во спроведувањето;
- активностите кои треба да ги преземе секој од органите во смисла на градење на капацитети за спроведување на предлогот на закон (едукација и обуки, семинари, насоки и сл.);
- начинот на следење и индикаторите за мерење на степенот на спроведување на мерките предвидени со предлогот на закон и постигнувањето на утврдените цели и
- механизмите и начелните рокови за евалуација на законот.

По донесување на законот во Собранието на Република Македонија, министерствата подготвуваат детален план за спроведување, следење и евалуација на законот.

# 3. ПОДГОТВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

## 3.1. Цел и содржина на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата

Врз основа на анализите спроведени во текот на процесот на ПВР, министерствата подготвуваат нацрт Извештај за ПВР (во натамошниот текст: Извештајот). Во Извештајот се дава преглед на процесот и резултатите од спроведената ПВР со цел да се добијат релевантни и точни информации за можните позитивни и негативни влијанија при разгледувањето на предлогот на закон и донесувањето на заклучоците. Извештајот им помага на министерствата при подготовката на Меморандумот и материјалите кои го придружуваат предлогот на закон кој се доставува во Собранието на Република Македонија, согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

Извештајот се подготвува во согласност со Одлуката за формата и содржината на Извештајот за проценка влијанието на регулативата. Во нацрт Извештајот министерствата даваат преглед на целиот процес на ПВР

при што се наведуваат резултатите од анализата на состојбите направена во севкупното опкружување во областа и сродните области, преглед на можните решенија (опции) за решавање на проблемот и постигнување на утврдените цели, анализата на позитивните и негативните влијанија од економски, фискален, социјален аспект, влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето, како и другите влијанија во зависност од областа која се регулира со предлогот на закон.

Во нацрт Извештајот се дава преглед на процесот на консултации каде се наведуваат засегнатите страни кои учествувале во процесот и начинот на нивно вклучување, ставовите искажани во текот на јавните расправи, односно мислењата, забелешките и сугестиите добиени по писмен пат или објавени на ЕНЕР и порталот Е-демократија. Во нацрт Извештајот се наведуваат и мислењата, забелешките и сугестиите кои биле вградени во предлогот на закон, како и оние кои не биле прифатени од страна на министерството со образложение за причините.

Нацрт Извештајот се пишува на јасен и концизен начин со користење на што е можно поедноставна терминологија за да може да се добие јасна претстава за целиот аналитички процес при спроведувањето на ПВР.

## 3.2. Обезбедување на мислење од Министерство за информатичко општество и администрација и објавување на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата

Заради добивање на мислења, сугестии и предлози од засегнатите страни, од страна на министерствата на ЕНЕР се објавуваат нацрт Извештајот и текстот на предлогот на закон најдоцна десет дена пред доставување на Извештајот до Министерство за информатичко општество и администрација.

Доколку нацрт Извештајот содржи информации кои се сметаат за класифицирани информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации, министерствата постапуваат согласно истите и не го објавуваат нацрт Извештајот на ЕНЕР. На првата страница од нацрт Извештајот во соодветната графа се означува дека истиот содржи класифицирани информации.
По вградување на релевантните коментари од засегнатите страни, нацрт Извештајот за ПВР, потпишан од државниот секретар на министерството, се доставува до Министерство за информатичко општество и администрација за мислење. Министерството за информатичко

општество и администрација подготвува мислење најдоцна десет дена од добивањето на нацрт Извештајот за ПВР од надлежното министерство.

По добивањето на мислењето од Министерство за информатичко општество и администрација, министерството го подготвува предлог Извештајот кој го потпишува ресорниот министер со што се гарантира квалитетот и точноста на спроведената ПВР. Заедно со предлогот на закон министерството го доставува предлог Извештајот за ПВР и останатите материјали до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

По утврдувањето на предлогот на закон од страна на Владата на Република Македонија и добивање на извадок од Нацрт записникот од одржаната седница на Владата на Република Македонија, министерствата го објавуваат Извештајот за ПВР заедно со предлогот на закон на ЕНЕР.

# 4. КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

## 4.1. Цел на консултациите

Консултациите со засегнатите страни претставуваат составен дел од процесот на ПВР и се важен механизам за подобрување на квалитетот на регулативата и унапредување на ефикасноста и ефективноста во спроведување на предвидените мерки. Консултациите придонесуваат кон поголема транспарентност во работата на Владата и процесот на одлучување со што се јакнат основните механизми на демократијата.

Министерствата треба да обезбедат вклучување на засегнатите страни во текот на целиот процес на ПВР, а особено:

- во фазата на анализа на состојбите, дефинирање на проблемот и утврдување на потребата од воведување на регулатива, консултациите претставуваат корисен метод за прибирање на информации за постојните проблеми или искуствата од спроведување на важечката регулатива;

- во фазата на утврдување на можните решенија (опции) и нивно споредување, консултациите треба да се спроведат откако надлежното министерство ги утврдило и ги поставило основите на можните решенија (опции). Предмет на консултациите се опциите, нивната спроведливост и исплатливост и можните влијанија;
- во фазата на проценка на можните влијанија од предложените можни решенија (опции), целта на консултациите е да се оцени точноста на претпоставките за можните влијанија, ризици, придобивки и ефекти.

Постојат две групи на засегнати страни и тоа: „внатрешни“ засегнати страни каде спаѓаат министерствата и другите органи на државната управа, управни организации и други државни органи кои можат да имаат поделена надлежност или интерес во предлог регулативата, и „надворешни“ каде спаѓаат деловните субјекти, синдикати, невладини организации, здруженија и фондации, групи на граѓани и граѓаните кои се засегнати или на кои директно се однесува предлог регулативата. Во зависност од која група на засегнати страни е вклучена во консултациите и фазата во процесот на ПВР, се применуваат разни начини на вклучување и прибирање на мислења, сугестии и предлози од засегнатите страни.

## 4.2. Начин на спроведување на консултации со засегнатите страни

Министерствата го планираат вклучувањето на засегнатите страни уште во фазата на стратешко планирање и подготвување на иницијативите за Годишната програма за работа на Владата и изработка на Годишниот план за спроведување на ПВР.

Во текот на процесот на ПВР, министерствата благовремено прибираат мислења од соодветните засегнати страни, а особено во однос на можните решенија (опции) за решавање на проблемот и можните влијанија, трошоците и придобивките од секое од можните решенија.

При изборот на оптималното решение, министерствата го земаат предвид мислењето од засегнатите страни. Преглед на целиот процес и резултатите од консултациите со засегнатите страни се дава во соодветното поглавје на Извештајот за ПВР.

Подолу е прикажан шематски приказ на роковите во процесот на спроведување на ПВР.

**Шема 2. Преглед на процесот и роковите за проценка на влијанието на регулативата**



# 5. ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Заради квалитетно спроведување и управување на процесот на ПВР министерствата треба да воведат соодветни внатрешни процедури и да обезбедат капацитети за спроведување на аналитичките алатки во рамки на процесот на ПВР.

## 5.1. Организација и управување на процесот на проценка на влијанието на регулативата во министерствата

Во зависност од внатрешната организација на процесот на подготвување на законите во министерствата, процесот на ПВР и соодветните анализи се спроведуваат во рамки на поединечните сектори во министерството кои се надлежни за посебните области, односно во рамки на работните групи формирани за таа цел. Раководителот на соодветниот сектор, односно претседателот на работната група, го следи и обезбедува спроведувањето на процесот на ПВР да биде во согласност со оваа методологија со цел добивање на што е можно поквалитетни анализи и Извештај за ПВР.

Од страна на државниот секретар во министерствата се определува начинот на организација на процесот. Државниот секретар во министерствата се грижи за постојано унапредување на процесот на ПВР во министерството преку обезбедување на доследно спроведување на процесот и оваа методологија, како и преку обезбедување на учество на вработените вклучени во спроведување на анализите и процесот на ПВР на обуките организирани за таа цел.

За да се обезбеди квалитет и внатрешна координација на процесот како и координација со Министерството за информатичко општество и администрација, во министерството се определува и назначува еден координатор за процесот на ПВР и негов заменик. Во министерствата кои имаат надлежности во повеќе области може да се назначи по еден координатор за секоја од областите и нивни заменици.

Координаторот за ПВР:

- обезбедува поддршка и совети на секторот/работната група во однос на процесот за спроведување на ПВР, потребните анализи, прибирањето на податоци, консултациите и сите чекори во спроведувањето на ПВР со цел доследно спроведување на оваа

методологија и актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР;
- прибира податоци и врши подготовка на Годишниот план за ПВР;
- дава совети во однос на исклучоците, односно предлозите на закони кои не подлежат на ПВР;
- дава совети при подготвување на Извештајот за ПВР;
- врши начелна проверка на поглавјата на нацрт Извештајот и укажува, доколку е потребно, за да се обезбеди доследна примена на оваа методологија пред нацрт Извештајот да биде доставен до Министерството за информатичко општество и администрација;
- прибира податоци за подготовка на извештаи за спроведување на ПВР и
- учествува на обуките организирани за унапредување на процесот на ПВР и за улогата на координатор на процесот на ПВР во министерството.

## 5.2. Организација и управување на процесот на проценка на влијанието на регулативата во Министерството за информатичко општество и администрација

Покрај спроведување процесот на ПВР во подготовката на предлог на законите во областите за кое е надлежно, Министерството за информатичко општество и администрација се грижи за унапредување на процесот на ПВР.

Согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација дава мислење за предлозите на законите кои подлежат на ПВР. Мислењето се подготвува врз основа на нацрт Извештајот за ПВР доставен од страна на надлежното министерство. Мислењето на Министерството за информатичко општество и администрација содржи оценка за процесот на ПВР од аспект на усогласеност на предлог на законите со актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР.

Министерството за информатичко општество и администрација, на барање на министерствата, може да дава информации во однос на примената на процесот на ПВР, актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР и аналитичките алатки за спроведување на ПВР. Со цел унапредување на процесот, Министерството за информатичко општество и администрација може да организира состаноци, семинари и советувања со државните службеници назначени како координатори за ПВР во министерствата. Во соработка со надлежниот Сектор за управување, развој, координација со човечки ресурси и обуки во Министерството за информатичко општество и администрација, се организираат обуки за

државните службеници од министерствата кои се вклучени во процесот на подготвување закони и спроведување на ПВР. Заради обезбедување на ефикасни консултации со засегнатите страни, Министерството за информатичко општество и администрација континуирано го унапредува управувањето на процесите на ЕНЕР.

Со цел управување и унапредување на процесот на ПВР, во Министерството за информатичко општество и администрација се формира организационен облик.

# 6. СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ И МЕТОДОЛОГИЈАТА

Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со министерствата го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за ПВР. Врз основа на анализа на нацрт Извештаите за ПВР доставени од министерствата и мислењата дадени во однос на примената на актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР , од страна на Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со министерствата се подготвува Годишен извештај за Владата на Република Македонија во однос на спроведување и унапредување на процесот на ПВР.

Со денот на објавување на оваа методологија престанува да се применува Методологијата за проценка на влијанието на регулативата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/09).

Оваа методологија се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО РАБОТАТА НА МИНИСТЕРСТВАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Врз основа на член 20 став (5) од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11 и 67/13),Владата на Република Македонија на 23.07.2013 година , донесе

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со ова упатство се пропишува начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценката на влијанието на регулативата (во натамошниот текст: ПВР).

**Член 2**

Процесот на ПВР во смисла на ова упатство, е низа на активности во која се спроведуваат анализи и се прибираат релевантни податоци, врз основа на кои се избира најдоброто решение на проблемот при регулирање на одредена област и за постигнување на целите на предлогот на закон во консултација со засегнатите страни.

Засегнати страни во смисла на ова упатство, се деловните субјекти, синдикатите, стопанските комори, здруженијата и фондации, односно сите физички и правни лица кои можат да бидат засегнати од спроведувањето на предлогот на закон.

# 2. ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

**Член 3**

Планирањето на ПВР се врши врз основа на начелото на пропорционалност, согласно кое колку е поголемо очекуваното влијание од предлогот на закон толку е подетална и посеопфатна ПВР.

Планирањето на процесот на ПВР соодвестува со процесот за стратешко планирање.

При планирањето на ПВР, врз основа на анализата на состојбите во областа, дефинирањето на проблемот, анализата на постојната регулатива и на нејзиното спроведување и консултациите со засегнатите страни, министерствата се определуваат за регулаторни или нерегулаторни мерки како можни решенија за проблемите или состојбите кои биле констатирани во областите за кои се надлежни и начините за нивно решавање.

**Член 4**

Во текот на планирањето на ПВР, од страна на министерствата се утврдува:

- каков ќе биде степенот на можни влијанија од предлогот на закон,
- кои засегнати страни ќе бидат вклучени,
- какви податоци ќе бидат неопходни за да се направат потребните анализи, и
- ресурсите потребни за спроведување на процесот на ПВР.

**Член 5**

Годишниот план за спроведување на ПВР се подготвува истовремено со подготвување на иницијативите за нацрт Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

Годишниот план од ставот 1 на овој член ги содржи следните елементи:

- назив на предлогот на закон;
- краток опис на проблемот;
- цел на предлогот на закон;
- месец на поднесување на предлогот на закон до Владата на Република Македонија (согласно Годишната програма за работа на

Владата на Република Македонија);
- временска рамка за спроведување на ПВР и подготвување на предлогот на закон;
- потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР;
- засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот;
- начин на вклучување на засегнатите страни и
- временска рамка за спроведување на консултациите;

Образецот на Годишниот план за спроведување на ПВР е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на ова упатство.

**Член 6**

Годишниот план за спроведување на ПВР се објавува на Единствениот национален електронски регистар на прописи (во натамошниот текст: ЕНЕР) најдоцна 15 дена по усвојувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

**Член 7**

Од страна на министерствата се следи и ажурира Годишниот план за спроведување на ПВР согласно следењето и ажурирањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија и потребите за иницијативи надвор од Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

Ажурираните верзии на Годишниот план за спроведување на ПВР се објавуваат на ЕНЕР најдоцна 15 дена по усвојувањето на ажурираната верзија на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

# 3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

**Член 8**

За секој од предлозите на закони содржани во Годишниот план за спроведување на ПВР, се подготвуваат план и динамика за спроведување на активностите во рамки на процесот на ПВР.

### Член 9

Од страна на министерствата се информираат засегнатите страни најдоцна пет дена пред почетокот на процесот на ПВР и на изготвување на предлогот на закон утврден во Годишниот план за ПВР, преку објавување на известување на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството.
Известувањето од став 1 од овој член ги содржи следниве елементи:

- назив на министерството;
- назив на предлогот на закон;
- краток опис на проблемот;
- цел на предлогот на закон;
- временска рамка за изготвување на предлогот на закон;
- начинот на вклучување на засегнатите страни;
- најава за јавен увид и јавна расправа;
- електронски адреси од ЕНЕР и веб-страницата на министерството од кои засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР;
- поштенска и/или електронска адреса на која засегнатите страни ќе можат да доставуваат мислења, забелешки и сугестии;
- одговорно лице за контакт во министерството и
- други информации што можат да помогнат за ефективно учество на засегнатите страни во процесот на подготвување на предлогот на закон.

Образецот за известувањето од став 1 на овој член е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на ова упатство.

### Член 10

Во анализата на проблемот се образложуваат:

- суштината, природата и опсегот на проблемот;
- причините кои придонесуваат за постоење на проблемот;
- постојните прописи во конкретната и сродните области;
- оценката на степенот на спроведување на законите и другите прописи и
- поврзаноста со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија

### Член 11

Врз основа на резултатите од анализата од членот 10 од ова упатство, се дефинираат цели на предлогот на закон кои треба да бидат конкретни,

мерливи, реално остварливи и поврзани со стратешките приоритети и политиките на Владата на Република Македонија.

## Член 12

По извршената анализа на проблемот и дефинирањето на целите од страна на министерствата се утврдуваат повеќе можни решенија (опции) за постигнување на утврдените цели.

Во зависност од сложеноста на проблемот, се утврдуваат не помалку од три решенија (опции), од кои едното е опцијата „не прави ништо“ која што претставува основа за споредување со другите решенија (опции).

Со анализата на опцијата „не прави ништо“ се утврдува какви би биле последиците во одредената област доколку Владата на Република Македонија не интервенира преку предлогот на закон или други мерки.

## Член 13

Иницијативата за донесување на предлогот на закон се повлекува од Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија доколку во текот на анализата од членот 12 од ова упатство се утврди дека претходно дефиниран проблем може да се реши со доследно спроведување на постојните прописи или преку воведување на нерегулаторни мерки.

Повлекувањето од ставот 1 на овој член се врши со информација на министерството до Владата на Република Македонија во која се наведуваат причините за повлекување на иницијативата.

## Член 14

Од страна на министерствата се утврдуваат трошоците, придобивките и влијанијата од економски, фискален и социјален аспект, како и од аспект на влијанијата врз животната средина за секое од утврдените можни решенија (опции) при што се користат соодветни методи и аналитички алатки.

Од страна на министерствата се прави споредба помеѓу трошоците и придобивките од утврдените можни решенија (опции) и се предлага решението кое најефективно ќе придонесе кон остварување на утврдените цели на предлогот на закон, односно решението со кое ќе се постигне придобивката со најмалку трошоци и несакани ефекти.

## Член 15

Предложеното решение од членот 14 од ова упатство се вградува во предлогот на закон.

Од страна на министерствата начелно се анализираат сите аспекти што се однесуваат на спроведување на предложеното решение и дава општ преглед на механизмите и активностите за спроведување, следење и евалуација на препорачаното решение односно на предлогот на закон.

Од страна на министерствата се подготвува детален план за спроведување, следење и евалуација на законот по донесување на законот во Собранието на Република Македонија.

## Член 16

На крајот на спроведувањето на ПВР, се изготвува нацрт Извештај за ПВР.

Нацрт извештајот за ПВР содржи преглед на спроведените анализи и извршените консултации со засегнатите страни во текот на целиот процес на ПВР.

## Член 17

Нацрт Извештајот за ПВР и предлогот на закон се објавува на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството најдоцна 10 дена пред доставување на нацрт Извештајот за ПВР до Министерството за информатичко општество и администрација.

Доколку нацрт Извештајот за ПВР содржи информации кои се сметаат за класифицирани информации, нацрт Извештајот за ПВР не се објавува на ЕНЕР и постоењето на класифицирани информации се означува во соодветната графа на првата страница на нацрт Извештајот за ПВР.

## Член 18

Нацрт Извештајот за ПВР, потпишан од државниот секретар на министерството се доставува на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

По добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација, се подготвува предлог Извештај за ПВР, кој го потпишува ресорниот министер.

**Член 19**

Предлогот на закон и предлог Извештајот за ПВР заедно со останатите материјали, се доставуваат до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

**Член 20**

По утврдување на предлогот на закон од страна на Владата и добивање на извадок од Нацрт записникот од одржаната седница на Владата на Република Македонија, Извештајот за ПВР заедно со предлогот на закон се објавува на ЕНЕР.

# 4. КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

**Член 21**

Во зависност од содржината на предлогот на закон и можните влијанија (економски, социјални и врз животната средина) од страна на министерствата се утврдуваат засегнатите страни кои треба да бидат вклучени или консултирани во процесот на спроведување на ПВР и изготвување на предлогот на закон.
Вклучување на засегнатите страни се обезбедува во текот на целиот процес, почнувајќи од фазата на планирање, спроведување на процесот на ПВР и подготвување на предлогот на закон.

**Член 22**

Со засегнатите страни се вршат консултации: по предлогот на закон, по одредени прашања, за можни решенија (опции) или за утврдување на влијанија од предлогот на закон.

Во зависност од очекуваните влијанија на предлог на закон, се утврдуваат еден или повеќе начини за вклучување и консултации со засегнатите страни.

Консултациите со засегнатите страни можат да се вршат на некои од следниве начини:

- јавен увид на предлогот на закон;
- јавни расправи;
- барање за писмени мислења, забелешки и сугестии од засегнатите страни;
- учество во работни групи формирани од страна на министерството или Владата на Република Македонија;
- состаноци со засегнатите страни;
- јавни дебати по одредени прашања преку користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталите ЕНЕР и Е-демократија.

## Член 23

Со цел структурирани и ефективни консултации со засегнатите страни, од страна на министерствата можат да се подготват прашања, односно теми на кои се води дискусијата или се прибираат мислења, забелешки и сугестии.

Прашањата, односно темите од ставот 1 на овој член се формулираат на јасен и едноставен јазик, разбирлив за сите засегнати страни.

## Член 24

Од страна на министерствата може да се одржи јавна расправа во текот на процесот на спроведување на ПВР и изготвување на предлогот на закон.

Заради одржување на јавна расправа, предлогот на закон се става на јавен увид и се издава повик за јавен увид.

Во повикот од ставот 2 на овој член се наведуваат:

- називот на предлогот на закон,
- почетниот и крајниот рок на јавниот увид,
- местото, односно УРЛ адресата на ЕНЕР и веб-страницата на министерството каде засегнатите страни можат да извршат јавен увид и
- датумот на одржувањето на јавната расправа.

Повикот за јавниот увид се објавува на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството.

Во зависност од сложеноста на прашањата кои се уредуваат со предлогот на закон, од страна на министерствата се дефинира рокот за спроведување на јавниот увид, кој не треба да биде пократок од 15 денови.

Јавната расправа се одржува по истекот на рокот за јавниот увид.

Од страна на министерствата, најмалку пет дена пред одржување на јавната расправа, се доставуваат покани до засегнатите страни за учество во јавната расправа писмено и/или по електронска пошта и преку објавување на покана на ЕНЕР и веб страницата на министерството.

**Член 25**

Од спроведениот процес на консултации со засегнатите страни, во Извештајот за ПВР се внесуваат:

- информациите за начинот на вклучување на засегнатите страни;
- податоците за засегнатите страни кои учествувале во процесот;
- ставовите искажани во текот на јавните расправи, односно мислењата, забелешките и сугестиите добиени по писмен пат или објавени на ЕНЕР и порталот Е-демократија;
- мислењата, забелешките и сугестиите кои биле вградени во предлогот на закон и
- мислењата, забелешките и сугестиите кои не биле прифатени од страна на министерството и образложение за причините.

# 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Со влегувањето на сила на ова упатство престанува да важи Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување закони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/11).

**Член 27**

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# ПРИЛОГ БР. 1

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ...

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА ________ГОДИНА

| Реден број | Назив на предлог законот | Краток опис на проблемот | Цел на предлог законот | Месец на поднесување на предлог законот до Владата | Временска рамка за спроведување на ПВР и подготвување на предлог законот<br><br>Процесот ќе започне на: ____ и ќе трае до: ___ | Потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР | Засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот | Начин на вклучување на засегнатите страни | Временска рамка за спроведување на консултациите<br><br>Процесот на консултации ќе трае од: __ до ____ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

1. **Назив на предлог законот:**
   (Се внесуваат називите на секој од предлог законите според редоследот предвиден во Годишната програма за работа на Владата).

2. **Краток опис на проблемот:**
   (Се внесува краток опис на проблемот односно причините заради кои се предлага предлог законот).

3. **Цел на предлог законот:**
   (Се внесува целта или целите кои предлог законот треба да ги постигне).

4. **Месец на поднесување на предлог законот до Владата**
   (Се внесува месецот кога предлог законот ќе биде поднесен до Владата согласно Годишната програма за работа на Владата).

5. **Временска рамка за спроведување на ПВР и подготвување на предлог законот;**
   (Се внесуваат датумите или периодот кога се планира да започне и да заврши процесот на спроведување на ПВР и подготвување на предлог законот.)

6. **Потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР**
   (Се внесуваат потребните човечки и финансиски ресурси кои ќе бидат потребни за спроведување на ПВР).

7. **Засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот**
   (Се внесуваат засегнатите страни кои биле утврдени во процесот на планирање и кои ќе бидат вклучени во процесот на консултации).

8. **Начин на вклучување на засегнатите страни**
   (Се внесуваат избраните начини на вклучување на засегнатите страни со цел да се обезбеди нивно ефективно учество во процесот на ПВР и подготвување на предлог законот).

9. **Временска рамка за спроведување на консултациите**
   (Се внесува периодот кога се планира да започне и да заврши процесот на консултации со засегнатите страни).

# ПРИЛОГ БР. 2

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

| | | |
|---|---|---|
| Назив на министерството | | |
| Назив на предлог законот | | |
| Краток опис на проблемот | | |
| Цел на предлог законот | | |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | | |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | | |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | Да | Не |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | | |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се доставаат мислењата, забелешките и сугестиите | | |
| Одговорно лице за контакт во министерството | | |
| Други информации | | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

1. **Назив на министерството**
   (Се внесува називот на министерството)

2. **Назив на предлог законот**
   (Се внесува називот на предлог законот)

3. **Краток опис на проблемот**
   (Се внесува краток опис на проблемот, односно причините заради кои се предлага донесување на предлог законот).

4. **Цел на предлог законот**
   (Се внесува целта или целите на предлог законот)

5. **Временската рамка за изготвување на предлог законот**
   (Се внесува периодот на започнување и на завршување на процесот на ПВР и изработка на предлог законот согласно Годишниот план за спроведување на ПВР).

6. **Начин на вклучување на засегнатите страни**
   (Се внесува избраниот начин или начини на вклучување на засегнатите страни).

7. **Најава за јавен увид и јавна расправа**
   (Се обележува ДА доколку се планира јавен увид и јавна расправа, односно НЕ доколку не се планира јавен увид и јавна расправа).

8. **Електронски адреси од ЕНЕР и веб-страницата на министерството од кои засегнатите страни можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР**
   (Се внесуваат електронските адреси на ЕНЕР и на веб-страницата на министерството каде засегнатите страни можат да го преземат предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР).

9. **Поштенска и/или електронска адреса на која засегнатите страни можат да доставуваат мислења, забелешки и сугестии**
   (Се внесува поштенската адреса и/или електронската адреса каде засегнатите страни можат да ги достават своите мислења, забелешки и сугестии).

10. **Одговорно лице во министерството и електронска адреса за контакт**
    (Се внесува името и презимето на одговорното лице во министерството кое се назначува за лице за контакт во врска со консултациите со засегнатите страни и неговата електронска адреса).

11. **Други информации**
    (Се внесуваат други информации што можат да помогнат за ефективно учество на засегнатите страни во процесот на подготвување на предлогот на закон).

# ОДЛУКА
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

Врз основа на член 66 став (3) од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11 и 67/13), Владата на Република Македонија на 23.07.2013 година, донесе

**Член 1**

Со оваа одлука се пропишува формата и содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата (во натамошниот текст: Извештајот за ПВР).

**Член 2**

Извештајот за ПВР содржи преглед на анализите спроведени во текот на процесот на проценка на влијанието на регулативата од страна на министерствата.

Извештајот за ПВР се изготвува во форма на образец: „Извештај за проценка на влијание на регулативата“, кој содржи: назив на министерство, назив на предлогот на закон, одговорно лице и контакт информации, вид на Извештај, обврска за подготовка на предлогот на закон, поврзаност со директивите на Европската Унија, дали нацрт Извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации, датум на објавување на нацрт Извештајот на Единствениот национален електронски регистар на прописи, датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество

и администрација, датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација и рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Извештајот за ПВР содржи и:

1. опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот;
2. цели на предлог регулативата;
3. можни решенија (опции);
4. проценка на влијанијата на регулативата;
5. консултации;
6. заклучоци и препорачано решение;
7. спроведување на препорачаното решение и
8. следење и евалуација.

Извештајот за ПВР содржи и изјава од државниот секретар и изјава од министерот.

Образецот на Извештајот за ПВР е даден во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Со денот на влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формата и содржината на обрасците за проценка на влијанието на регулативата („Службен весник на Република Македонија " бр. 66/09).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр.
_____2013 година
Скопје

Претседател
на Владата на Република
Македонија,

# ПРИЛОГ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | |
| Назив на предлог законот: | |
| Одговорно лице и контакт информации: | |
| Вид на Извештај | ☐ Нацрт<br>☐ Конечен |
| Обврската за подготовка на предлог законот произлегува од: | ☐ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата<br>☐ Друго ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐ Да<br>☐ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

**1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот**

1.1 Опис на состојбите

1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

**2. Цели на предлог регулативата**

**3. Можни решенија (опции)**

3.1 Опис на решението „не прави ништо"

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

**4. Проценка на влијанијата на регулативата**

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

4.2 Фискални влијанија

4.3 Социјални влијанија

4.4 Влијанија врз животната средина

4.5 Административни влијанија и трошоци

*а) трошоци за спроведување*
*б) трошоци за почитување на регулативата*

**5. Консултации**

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

**6. Заклучоци и препорачано решение**

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

6.3 Препорачано решение со образложение

**7. Спроведување на препорачаното решение**

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

**8. Следење и евалуација**

8.1 Начин на следење на спроведувањето

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на *закон и рокови*

## Изјава од државниот секретар

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

потпис на државен секретар

Датум: ________________ ________________________

## Изјава од министерот

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

потпис на министерот

Датум: ________________ ________________________

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Се внесува називот на министерството |
| Назив на предлогот на закон: | Се внесува називот на предлогот на закон |
| Одговорно лице и контакт информации: | Се внесуваат името и презимето и информациите за контакт на раководителот на секторот односно претседателот на работната група задолжен за спроведување на ПВР за конкретниот предлог на закон |
| Вид на Извештај | ☐ **Нацрт** – Се обележува “нацрт“ кога надлежното министерство го доставува нацрт извештајот за ПВР до Министерството за информатичко општество и администрација за мислење. Нацрт Извештајот го потпишува државниот секретар на министерството.<br>☐ **Предлог** – се обележува “предлог“ кога надлежното министерство го доставува предлог Извештајот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Предлог Извештајот го потпишува министерот. |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Се обележува избраниот одговор<br>☐ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Македонија<br>Друго ________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Доколку погоре е обележан одговорот НПАА, се наведува конкретната Директива/и со која се врши усогласувањето |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | Се обележува избраниот одговор<br>☐ Да<br>☐ Не |

| | |
|---|---|
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Се наведува датумот на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Се наведува датумот на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | Се наведува датумот на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Се наведува датумот/рокот на доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

1.1 Опис на состојбите
(Се дава опис на состојбите во областа вклучувајќи ја и важечката регулатива во областа или други поврзани области, како и други програми/проекти на Владата на Република Македонија кои се спроведуваат)

1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување
(Се објаснуваат причините за проблемите кои се предмет на разгледување (не само симптомите)

## 2. Цели на предлог регулативата

(Се наведуваат очекуваните/посакуваните цели и ефекти кои предлог регулативата треба да ги постигне)

## 3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо“
(Се објаснува состојбата „не прави ништо“, односно се дава опис на последиците доколку Владата на Република Македонија не интервенира со предлогот на закон или друга мерка)

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот
(Се наведуваат можните решенија (опции) за решавање на проблемот кои биле разгледувани во текот на процесот на ПВР. Притоа, се наведува содржината на опциите и начинот на спроведување на можните решенија, односно преку усвојување на нов закон, изменување и дополнување на закон (регулаторни мерки); спроведување на обуки, кампањи и слични активности

(нерегулаторни мерки) или комбинација на мерки (регулаторни и нерегулаторни)).

**4. Проценка на влијанијата на регулативата**

Се дава детален опис на позитивните и негативните влијанија кои можат да произлезат од секоја од опциите и тоа за:

4.1 Економски влијанија

(Се опишуваат придобивките и трошоците за економијата во обласa, вработувањето и конкурентноста. Особено треба да се опишат влијанијата за малите и средните претпријатија, економските субјекти, потрошувачите, домаќинствата и др.)

4.2 Фискални влијанија

(Се опишуваат трошоците и добивката за буџетот, преглед на иницијалните и проектираните трошоци, како и информација за тоа дали се обезбедени средства во буџетот (се дава резиме од Образецот за фискалните влијанија) )

4.3 Социјални влијанија

(Се опишуваат влијанијата врз намалување на сиромаштијата, заштита и унапредување на здравјето, заштита и унапредување на човековите права и родовата еднаквост, заштита на ранливите групи и обесправените и др.)

4.4 Влијанија врз животната средина

(Се опишуваат влијанијата врз квалитетот на воздухот, водата, почвата, ефект на стаклена градина, бучава, био-диверзитет и др. Се дава опис како влијанијата врз животната средина ќе влијаат директно или индиректно врз здравјето на луѓето.)

4.5 Административни влијанија и трошоци

а) трошоци за спроведување

(Се наведуваат трошоците за спроведување на предлогот на закон – формирање на нови институции/органи или проширување на надлежности и организација на постојни органи, потребни човечки ресурси и нивна обука, инвестиции (канцелариски простор), потребен надзор, опрема и др.)

б) трошоци за почитување на регулативата

(Се наведуваат трошоците за почитување на регулативата - воведување на нови административни оптоварувања, формалности и трошоци (лиценци, дозволи, информации, стандарди) за правните и/или физичките лица и како тоа ќе се одрази врз конкурентноста)

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување
(Се наведуваат засегнатите страни кои биле консултирани во текот на процесот и начините на нивно консултирање/вклучување)

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења
(Се дава преглед на добиените мислења со акцент на оние прашања кои предизвикале особен интерес или загриженост кај засегнатите страни. Наведете кои мислења биле земени предвид)

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто
(Се наведуваат мислењата кои не биле земени предвид и со образложение за причините за тоа)

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)
(Се дава споредбен опис на позитивните и негативните страни или влијанија на можните решенија (опции))

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)
(Се опишуваат ризиците во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции))

6.3 Препорачано решение со образложение
(Се опишува препорачаното решение со образложение зошто се препорачува)

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области
(Се наведува дали препорачаното решение ќе предизвика потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области)

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување
(Се наведува дали и кои подзаконски акти треба да се донесат и предложениот рок за нивно донесување)

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување
(Се наведуваат органите на државната управа, државни органи и други органи кои ќе бидат надлежни за спроведувањето)

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон
(Се наведуваат активностите (нерегулаторни мерки) кои ќе бидат преземени со цел обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон (обуки, советувања, кампањи и сл.))

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето
(Се опишува накратко како ќе се следи спроведувањето и постигнувањето на ефектите од регулативата и кои органи на државната управа ќе бидат вклучени во процесот на следење)

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови
(Се опишува накратко како ќе се врши евалуација на ефектите од регулативата и на кој временски период)

## Изјава од државниот секретар

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

потпис на државен секретар

Датум: ________________ ________________________

*(Државниот секретар ја потпишува изјавата во нацрт Извештајот пред надлежното министерство да го достави нацрт Извештајот за ПВР до Министерството за информатичко општество и администрација за мислење.*

## Изјава од министерот

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

потпис на министерот

Датум: ________________ ________________________

*(Министерот на ресорното министерство ја потпишува изјавата во предлог Извештајот пред надлежното министерство да го достави предлог Извештајот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија).*